Државната комисија за жалби по јавни набавки, врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот HILL INTERNATIONAL N.V., изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 08-8789/56 од 07.12.2022 година, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр. 15413/2022 за набавка на Услуги - Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и Коридор X-d на договорниот орган Јавно претпријатие за државни патишта, врз основа на член 160 став (1) точка 3 и став (2), (3), (4), (5) и (6) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019 и „Службен весник на Република С. Македонија бр. 87/2021), на 01-та Седница одржана на ден 11.01.2023 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1. **Жалбата** на жалителот HILL INTERNATIONAL N.V., изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 08-8789/56 од 07.12.2022 година, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр. 15413/2022 за набавка на Услуги - Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и Коридор X-d на договорниот орган Јавно претпријатие за државни патишта, СЕ ОДБИВА ПОРАДИ НЕОСНОВАНОСТ.

2. **Решението** на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно по извршената достава.

3. **Сите странки се должни** да ја почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на Државната комисија.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Договорниот орган, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр. 15413/2022 за набавка на Услуги - Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и Коридор X-d, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка од 15.09.2022 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, како неделива, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената и квалитетот, без спроведување на е-аукција. Од понудувачите било побарано да доставт Изјава за сериозност и Гаранција за квалитетно извршување на договорот [10.00 %].

До крајниот рок за поднесување на понудите 25.10.2022 година, пристигнале вкупно 3 (три) понуди, за што бил составен Записник од отворањето на понудите од 26.10.2022 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудата. По целосна евалуација на понудите и врз основа на Извештајот од спроведена постапка од 07.12.2022 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за наповолна понуда да биде избрана понудата на IRD ENGINEERING Srl. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 08-8789/56 од 07.12.2022 година.

На 13.12.2022 година била извршена управна контрола од страна на Бирото за јавните набавки согласно член 172 став 3 од Законот за јавните набавки при што е констатирано во Записник од управна контрола заведен под број 17-1942/3 од 13.12.2022 година, дека не постојат неправилности кои можат да влијаат на исходот на постапката. Дадените препораки да се земат предвид при спроведување на идни постапки.

Незадоволен од Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 08-8789/56 од 07.12.2022 година, жалби до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесе економскиот оператор HILL INTERNATIONAL N.V..

Постапувајќи по изјавената жалба, Државната комисија за жалби по јавни набавки изврши увид во досието на постапката на Електронскиот систем за јавни набавки и врз основа на член 160 став (1) точка 3 и став (2), (3), (4), (5) и (6) од Законот за јавните набавки најде:

***Жалбата е дозволена, навремена и изјавена од овластен подносител***.

***Жалбата е неоснована.***

Во жалбата жалителот наведува дека договорниот орган направил повеќе повреди на позитивните законски прописи кои се однесуваат на законската постапка за спроведување на избор на најповолен онудувач од ваков вид со што ги повредил најпрвин државните јавни интереси, а потоа и интересите на останатите понудувачи во оваа постапка, чии понуди биле отфрлени во фаза на евалуација. Ваквата одлука рефлектирала повеќе штетни последици. При проверка на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата можела да побара од понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку немала значителни

отстапувања од потребната документација. Комисијата не смеела да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или измени. Комисијата побарала појаснување до избраната група на понудувачи предводена од IRD Engineering SRL на 30.11.2022 година, а групата на понудувачи одговорила на појаснувањето на 05.12.2022 година. Не само што Договорниот орган не побарал појаснување од Хил, како носител на групата понудувачи за слични прашања, како побараните од IRD, а се однесувале на техничка и професионална способност во смисла на потврдување на искуството и доказите приложени за докажување на способност 2.6. согласно Технички и професионална спобност од тендерската документација, туку на истите основи за кои било побарано појаснување од избраниот понудувач, Договорниот орган заземал став дека вложувачот на оваа жалба не ги исполнувал законските услови и неговата понуда била отфрлена. Во однос на повредата на тендерската документација точка 1.7. Право на учество 1.7.4. жалителот врз основа на направен увид во целокупната тендерска документација на понудувачот ИРД ЕНГИНЕЕРИНГ СРЛ, РИМ, ИТАЛИЈА како лидер на група на понудувачи здружен со ЕПТИСА СЕРВИЦИОС ДЕИНГЕНЕРИА СЛ, ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје и ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје, утврдил повеќе неправилности. Согласно точка 1.7 Право на учество, потточка 1.7.4 од тендерската документација по објавен оглас за јавна набавка бр. 15413/2022 со предмет "Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и Коридор X-d" било предвидено „1.7 Право на учество, 1.7.4 Составен дел на групна понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите на групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган сеобврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, кој ги содржи следниве податоци: - членот на групата што ќе биде носител на групата, односно што ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред договорниот орган, - членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка, - членот на групата кој ќе ја обезбеди и потпише во име на групата Изјавата (Гаранцијата) за сериозност на Понудата, - членот на групата што ќе ја издаде фактурата и сметката на која ќе се вршат плаќањата, - краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот НАПОМЕНА: ДОКОЛКУ ДОГОВОРОТ ЗА ГРУПНА ПОНУДА НЕ ГИ СОДРЖИ СИТЕ ГОРЕНАВЕДЕНИ БАРАЊА И ПОДАТОЦИ, ПОНУДАТА ЌЕ БИДЕ ОТФРЛЕНА." Понудувачот ИРД ЕНГИНЕЕРИНГ СРЛ, РИМ, ИТАЛИЈА како лидер на група на понудувачи здружен со ЕПТИСА СЕРВИЦИОС ДЕИНГЕНЕРИС СЛ, ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје и ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје го немале исполнето во целост ставот 5 од потточката 1.7.4. имено тој го содржел истиот општ текст кој се однесувал

на сите членови, не биле презентирани посебни одговорности за секој член на групата, како што се барало во тендерската документација, не било наведено јасно кој од партнерите бил задолжен на пр. за лабораторијата и усогласеноста со квалитетот на овој проект. Сепак, покрај ваквата неспорна неправилност во договорот за групна понуда на избраниот понудувач, спротивно на законот, Договорниот орган го прифатил како валиден и согласен со Законот за јавни набавки. Првостепениот орган во постапката (комисијата на ЈПДП) за избор на најповолен понудувач при изборот не го почитувала член 106 став 5 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 24/19 и 87/21) бидејќи не била направена стручна содржинска анализа на Договорот помеѓу членовите на групата економски оператори кои биле избрани за најповолни понудувачи во постапката. Како што можело да се види од доставената материјална доказна документација во постапката за избраниот понудувач, меѓусебниот договор не ги содржел нужните елементи од Законот за јавни набавки, а посебно кој и каква конкретна професионална обврска ќе извршува во проектот, кој бил предмет на доставување понуди пред ЈПДП. Сите членови на економскиот оператор кои биле избрани во најповолниот понудувач било наведено дека општо секој од нив ќе ги извршувал сите преземени обврски. Ваквото облигационо решение било дадено на Првостепениот орган од избраниот Понудувач морало да предизвика да се направи длабинска анализа од ЈПДП на документацијата која била приложена од сите учесници во постапката, а посебно од избраниот понудувач. Останувало отворено прашањето, кое ЈПДП морало да го разгледа, а економските оператори како група која била избрана за најповолен понудувач да го докаже, ДАЛИ СИТЕ ЧЕТИРИ ПРАВНИ ЛИЦА поседуваат СЕРТИФИКАТ за акредитирана лабораторија. Во случајот ова прашање воопшто не било разгледувано, а било крајно нужно за темелно и квалитетно следење како надзор на предметниот проект. Покрај останатото, ова било една од основните причини зошто понудата на избраниот понудувач и морало да биде отфрлена како неприфатлива. Погоре посочениот став било законско решение во: „Вклучување на податоци за активностите и пропустите за преземање на активности од страна на договорниот орган, предлог за докази.“ Во однос на повредата на тендерската документација точка 1.7. Право на учество 1.7.1. „Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата на економски оператори во економскиот оператор кој има негативна референца е член, како и економскиот оператор кој е компанија поврзана со економскиот оператор кој има негативна референца, немаат право да учествуваат.“, жалителот сакал да истакне и укажеме дека правното лице Друштво за производство, трговија, услуги и градежништво ЕЛЕКТРА

СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Орце Николов бр. 180-1/3 со ЕМБС 5702968, истовремено бил и член на групата на економски оператори избрани како најповолен понудувач. Воедно жалителот сакал да појасни дека ова правно лице било поврзано во НЕГАТИВНА КОНОТАЦИЈА со Друштвото за проектирање, надзор и инженеринг ИНСТИТУТ ЗА ПАТИШТА ДООЕЛ Велес со ЕМБС 7483503. Видно од приложените тековни состојби кои жалителот ги доставил како докази навел дека за овие правни лица сопственици на истите биле Андон Ампов и неговиот татко Сотир Ампов. Двајцата имале адреса на заедничко живеалиште во Скопје на ул. Орце Николов бр. 180-1/3. Друштвото ИНСТИТУТ ЗА ПАТИШТА ДООЕЛ Велес имал негативна референца за настапување во постапки за јавни набавки бидејќи во претходно споменатата постапка која се одвивала пред ЈПДП под број 22328/2021 од 28.12.2021 година не доставил банкарска гаранција која била нужна во процесот на склучување на договорот со нив како член на економскиот оператор кој бил избран за најповолен понудувач. Очигледно во семејна атмосфера, договорено било како понатаму да се продолжи во оваа постапка и како да се постигнат интересите и целите на поврзаните друштва, а притоа не земајќи ги во предвид јавниот интерес, општествените цели и сериозноста на проектот во кој требале да се вклучат како Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и Коридор X-d. За да го докаже овој жалбен налог, жалителот укажувал дека Друштвото за производство, трговија, услуги и градежништво ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, како член на групата избрана за најповолен понудувач, не поседувала Лиценца за надзор на објекти од прва категорија во моментот на објавување на огласот број 15413/2022 од 15.09.2022, која всушност ја стекнала дури на 03.10.2022. Тоа покажувало дека оваа компанија ниту имала некакво професионално искуство за надзор над вакви големи проекти, ниту имала дадено историјат за своето искуство во исполнување на обврски за вршење надзор при изградба на објекти од I категорија. Избраната група на економски оператори во процесот за ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје доставила список на инженери вработени во оваа компанија непосредно пред јавното отворање на постапката, со еден до два работни часа дневно во ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, Подружница Велес и останатото време за други правни лица. Се наметнувало отворено прашање дали со само еден до два работни часа дневно на проектот за кој тие биле најповолни понудувачи, овие лица без претходно искуство во ова правно лице можеле да постигнат исполнување на своите обврски за надзор. Логично било дека истото физичко лице кое било физички присутно на едно работно место еден, или два часа во еден ден и да работи на друго место на друго работно место оддалечено стотици километри било невозможно. Очигледно, овие лица

своето работно време ќе го поминувале во патување наместо во професионална работа за да ги исполнат обврските на овој проект. Првостепениот орган при изборот на најповолен понудувач не зел предвид дека за експертите кои ќе работат на овој проект, член на групата економски оператори избрани за најповолен понудувач, градежната компанија ЕLЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје како доказ доставила обрасци М1/М2 од регистрираната подружница во Велес под единствен матичен број на субјектот 57029. Сите овие лица-експерти (Љубица Јачова, Ѓуро Велковски, Зоран Арсов, Зоран Јакимовски, Љубомир Петковски, Страхил Николов, Љупчо Коцевски, Благица Стојанова, Петар Илиев, Олгица Мицевска, Ѓорѓи Метулев, Гоце Јовановски, Марјан Коцев, Зоран Наумовски, Панче Мешков, Венцислав Јордановски, Мирко Стојанов, Борче Ставров, Дарко Карајанов, Александар Митевски, Дарко Димитровски, Ирина Стрезовска, Гоце Јановски, Методи Бановски, Љупче Ѓошов, Орце Тодоровски, Бојан Атанасовски, Коста Јанев, Тони Апостоловски), пријавени од избраниот понудувач, претходно биле пријавени како стручни лица-експерти во правното лице кое имало негативна референца, Друштвото за проектирање, надзор и инженеринг ИНСТИТУТ ЗА ПАТИШТА ДООЕЛ Велес со ЕМБС 7483503. Истите експерти и денеска биле пријавени дека работат во ова правно лице со полно работно време, а со дополнително работење во ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје. Ова укажувало дека избраниот понудувач имал смислена недозволена конструкција како да направи манипулација на системот и да ги постигне скриените цели. Ова нешто, Договорниот орган не сакал или не го согледал, но тоа оставало голем вакум во целите кои требале да се извршат со избраната понуда. Со ова жалителот сакал да укажеме на меѓусебниот однос на овие две правни лица, а посебно на фактот дека Електра Солушнс ДООЕЛ немала право да учествува во тендерската постапка. Дополнително, доколку се направела анализа на тековната состојба која ја доставувал како доказ со оваа жалба, ќе се воочело дека приоритетна дејност на оваа подружница била Други услуги за информатичка технологија и компјутери - шифра 62.09, кои не биле поврзани со ниту една од услугите што ги барал тековниот процес на набавка. Ова докажувало дека регистрираните експерти немале работно искуство во ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје во надзор на објекти од I категорија, што претставувало голем недопустлив ризик во постапката при изборот за најповолен понудувач, со погрешна анализа на професионалниот персонал кој би работел на проектот, а тоа го потврдувало недопустливото фаворизирање на ЈПДП при изборот на најповолна понуда. Донесената одлука за избор на најповолен понудувач не соодветствувала со доказите и прилозите кои ги доставил најпрвин избраниот понудувач, а потоа и со доказите и прилозите кои ги приложијле

Hill International N.V.Холандија како лидер на група на понудувачи здружен со Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје. Дека Јавното претпријатие за државни патишта имало невоедначен став во постапките кои се воделе пред него укажувал и споредбениот метод на оваа постапка со постапката која се водела под број 22328/2021 од 28.12.2021 година. Имено во споменатата постапка пред поднесување на понудата, било поставено прашање пред јавно отворање во однос на критериумот за лабораторијата од страна на Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје заради непостоење на соодветна лабораторија за испитување на материјали во рамките на територијата на Република Северна Македонија кое нешто предизвикало отворање на ново прашање заради кое комисијата го одбила барањето и направила фаворизирање на економски оператори. За разлика од таа постапка, во оваа постапка комисијата на Јавното претпријатие за државни патишта добила прашање пред јавно отворање, па постапувајќи по истото прашање во однос на лабораторијата прашањето било прифатено за разгледување, и била направена измена на тендерската документација согласно барањето на најповолниот понудувач. Неспорно, на ден 25.10.2022 Hill International N.V. Холандија преку електронскиот систем за јавни набавки поднело техничка и финансиска понуда за учество во постапката. По разгледување на понудите кои се предмет на евалуација, ЈПДП извршила евалуација и проверка на комплетноста и валидноста на документацијата на групата понудувачи (JB) Hill International N.V., Холандија како лидер на група на понудувачи здружен со Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје и констатирала дека истата била нецелосна и некомплетна, но од друга страна понудата на сега избраниот понудувач која имала грешки и била некомплетна била прифатлива, а на истиот основ, понудата на сега жалителот била неприфатена и како таква е отфрлена. За разлика од избраниот понудувач, жалителот во врска со постапката за избор на најповолен понудувач, доставила веродостојни докази со кои го потврдувала своето долгогодишно професионално искуство во вршење на надзор на изградба на објекти од прва категорија, меѓутоа Договорниот орган не постапил по начелото на еднаков третман на странките во постапката, туку го повластил избраниот понудувач. Во процесот на евалуација на понудите ЈПДП го оштетил жалителот во смисла на член 109 став 5 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 24/19 и 87/21) и направил повреда/прекршување на точка 2.1 од тендерската документација, Начин на докажување на способност, потточка 2.1.2 бидејќи и при проверка на комплетноста и валидноста на понудата, комисијата не го искористил правото да побара никакво појаснување или дополнување (на пр. објаснување на понудата или превод на соодветните документи)

информации поврзани со начин за докажување на способноста и таквите разјаснувања не се однесувале на финансиската и техничката документација, туку на споредни прашања кои не ја засегале содржината и квалитетот кој го понудил понудувачот Hill International N.V. Холандија, како лидер на групата на понудувачи здружен со Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје преувеличувајќи го бројот на прашања против групата на понудувачи, но жалителот навел дека ќе покажел дека тие би можеле да се поставaт под истите општи точки што се применувало за сите експерти и штом еднаш се објаснело за еден, тоа се повторувало и за другите, па затоа, се намалувала важноста на она што всушност било поврзано со погрешно толкување на пропратните документи до тој степен што се занемарувале или не се гледале валидните документи прикажани во понудата на жалителот и се прогласувале за непостоечки/невалидни. Дополнително ЈПДП немала ист професионален однос кон избраниот понудувач, бидејќи за истиот го применил член 109 став 5 од Законот за Јавни набавки, па побарал од избраниот понудувач појаснување и дополнување на неговата документација за истата способност точка 2.6 Технички и стручна способност. Ова укажувало на неговиот повластен однос кон избраниот понудувач спрема останатите понудувачи кое нешто законски не било дозволено. Од друга страна пак, за потполно исти нејаснотии/двосмислености, ЈПДП не побарала дополнителни појаснувања од жалителот. Наместо тоа, ЈПДП веднаш ја одбило понудата на жалителот со образложение дека истата не ги исполнувала сите барани услови. Ова само го потврдувало нееднаквиот третман кој го применувал ЈПДП како што било наведено погоре. Исто така, нејасно било како и на која правна основа ЈПДП одлучило да побара дополнителни појаснувања и документи од избраниот понудувач, но тоа не го сторило од останатите понудувачи. Во член 109 став 5 од Законот за јавни набавки јасно се велело дека договорниот орган можел да побара од понудувачот да ги појасни или дополни документите/понудата, ако таквите појаснувања не биле значајни. Затоа овде се наметнувало прашањето како ЈПДП одлучило дека недостигот на искуство на персоналот на избраниот понудувач не било значителен недостаток на избраниот понудувач, а наводниот недостаток на искуство на персоналот на жалителот бил значителен и според тоа членот 109, став 5 од Законот за јавни набавки немало да се применува за жалителот. Видно од доставените појаснувања од избраниот понудувач, истите наведувале дека недостигот на искуство произлегувало од печатни грешки во понудата, што не можело да се смета за валидно објаснување, ниту пак ЈПДП требало да го земе ова во предвид. За печатни грешки можело да се сметаат само грешки во текстот/буквите во веќе претставените зборови, а не недостиг на години искуство, или услуги.

Според тоа, со прифаќање на појаснувањата на конзорциумот предводен од IRD, комисијата создала предност во корист на одреден економски оператор со користење на појаснувања и измени на барањата. Во следните потточки, жалителот навел дека ги сумира општите активности и пропусти за преземените активности од договорниот орган, како и предлогот за докази да се потврди дека едноставно појаснување можело да ги расчисти сомнежите на комисијата за способноста на жалителот од точка 2.6. технички и стручна способност. Изјавите за искуство биле изработени според најдоброто знаење на консултантот, за да се почитува барањето во тендерската документација дека секој експерт требал да потврди потребната експертиза соодветната позиција, познавање на англиски јазик и компјутери. Бидејќи во тендерската документација немало определена форма за истото, жалителот го изготвил документот на начин што истиот ги содржел сите информации кои биле барани во тендерската документација како и изјава со која ќе се потврди дека експертите ги доставиле своите CV-а и документи. Изјавите ги содржеле сите информации и како што било побарано, сите биле потпишани од страна на експертите. Освен тоа, Државната Комисија за жалби во постапките на јавни набавки во претходниот одговор на наше барање за претходната тендерска постапка потврдила дека во случај кога во тендерската документација не било предвидена форма за таков образец, валиден бил секој образец ако ги содржел потребните информации од тендерската документација. Доколку понудувачот поднел кратки CV-а и изјави за персоналот, кој ќе го извршувал договорот, лично потпишан од секој член на персоналот, тоа било доволен доказ за Комисијата да не се сомнева во нивната автентичност, а лицата биле самите одговорни за веродостојноста на податоците, кои биле наведени во истите. Договорниот орган укажувал дека овие изјави биле подготвени од страна на самите понудувачи, а тие ја чинеле содржината на документите за кои не постоел модел (формулар) во тендерската документација. Комисијата за јавни набавки не била истражно тело, кое требала да проверува дали некој давал неточни информации. Според член 99, став 7 од Законот за јавни набавки, Комисијата во случај на сомнеж, имала можност да ја провери точноста на поднесените податоци и докази во понудата, но во оваа постапка немало такво барање. Жалителот сакал да објасниме дека во ваквата Изјава за искуство јасно биле наведени потребните информации за искуството, согласно секоја предложена позиција, но исто така со истата оваа изјава, експертите го потврдиле своето знаење на англиски јазик и компјутери. Ако има било каков сомнеж за формулирањето на изјавите за искуство, органот можел да побара појаснување. Во било какви околности и разгледувања, изјавите за искуство, кои ги дал жалителот како група на понудувачи биле валидни и

требале да бидат вратени како такви. Во однос на Curriculum Vitae од кое не можело да се одреди искуството на одредени експерти предложени од групата на понудувачи предводена од Hill International жалителот навел дека со оглед на тоа дека ЈПДП се повикувал на некомплетност на документацијата која се однесувала на понудените експерти од групата на понудувачи предводени од Hill International N.V. Холандија, избирачот морал да го примени член 109 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 24/19 и 87/21), бидејќи тоа го сторила за избраниот понудувач. Во таа смисла, како што можело несомнено да се види од доставената понуда на жалителот и придружните документи, сите критериуми биле исполнети, предложениот персонал дури имал повеќе години работно искуство од минимум бараните години искуство, па затоа било нејасно како ЈПДП, наводно, не бил во можност да одреди дали персоналот го имал минимум бараното работно искуство и придружни документи. Придружните документи како доказ за вработување и ангажман за експерти обезбедени од Alb Architect (Алб архитект) биле отфрлени погрешно со изјава дека не биле валидни. Дека Јавното претпријатие за државни патишта намерно или од незнаење ги повредило правата на другите понудувачи во ваа постапка било очигледно и во ИЗВЕСТУВАЊЕТО за отфрлање на понудата доставено до Хил Интернационал Н.В.бр.08-8789/61 од 14 декември 2022 година, каде во образложението на последната страница било донесен крајно незаконски заклучок дека во оваа постапка, според мислењето на Државната комисија за жалби по јавни набавки, како правно лице се јавувало подружница, при што требало соодветни документи да се поднесат за тоа. Ве известуваме дека согласно член 26 од ЗТД и член 589 од ЗТД, секоја подружница (на домашно правно лице или странско правно лице) немале статус на правно лице во државниот систем на Република Македонија, но бил составен дел на матичното правно лице каде што било регистрирано во системот што значело дека носител на сите права и обврски кон државниот систем и другите субјекти било регистрираното правно лице, а не неговата подружница. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган донела сосема погрешен заклучок во делот дека Понудувачот за клучен персонал доставил договори за вработување склучени помеѓу лицето предложено за клучен персонал и подружницата на понудувачот, односно не со економскиот оператор кој имал правен субјективитет. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган нецелосно го цитирала и неправилно го применувала членот 26 од Законот за трговските друштва кој гласел: „член 26 „ (1) Трговското друштво може да врши дејности и работи на друштвото надвор од седиштето преку една или повеќе подружници. (2) Подружницата се организира со одлука на надлежниот орган на трговското

друштво во согласност со договорот за друштвото, односно со статутот. (3) Во одлуката за организирање одружница, друштвото и седиштето на основачот, предметот на работење на трговското друштво и на подружницата, преовладува дејност според Националната класификација на дејностите и лицата во подружницата овластени за ја претставуваат компанијата се наведени. Филијалата може да ги врши сите активности од деловното работење на компанијата. (4) Подружницата нема својство на правно лице. Трговското друштво стекнува права и обврски од работењето на подружницата (5) Подружницата работи под името на трговското друштво што ја организирало, во кое мора да се наведе нејзиното седиште и зборот подружница. Подружницата може да додаде свое име на името на друштвото. (6) Подружницата престанува ако надлежниот орган на трговското друштво што го организирал донесе решение за престанок на подружницата или ако трговското друштво престане да постои. (7) Организирањето и бришењето на подружницата се запишува во регистарската влошка во која е регистрирано трговското друштво. Огласот се објавува на ист начин како и уписите во трговскиот регистар ".“ Доколку Комисијата правилно го цитирала и применила член 26 од Законот за трговските друштва, ќе можела да констатира дека економскиот оператор - понудувач, при вршење работи надвор од своето седиште, тоа го правела преку подружница (член 26 став 1). Од работењето на подружницата, права и обврски стекнувало трговското друштво (член 26 став 4), и оттука било констатирано дека немало разлика помеѓу економскиот оператор-понудувач и подружницата на економскиот оператор-понудувач. Имено, договор склучен со подружницата бил истовремено договор со правното лице во чиј состав била подружницата и обратно, затоа мислењето на Комисијата за јавни набавки на последната страница од Известувањето бр.08-8789/61 од 14.12.2022 година до Хил Интернационал НВ како причина за одбивање на понудата било целосно неосновано. Во однос на наводите на договорниот орган дека договорите склучени помеѓу друштвото АЛБ АРХИТЕКТ НМК ДООЕЛ Скопје и лицата даватели на услуги биле невалидни, жалителот напоменува дека тотално било погрешно разбрано дека важењето на договорите било условено, а уште повеќе било погрешно разбрано дека договорите ќе произведувале правно дејство само во случај ако Алб Архитект склучи договор со договорниот орган. Во воведот на договорот јасно и прецизно било наведено дека главен носител на набавката, а со тоа и економски оператор кој ќе склучел договор со Договорниот орган во случај на избор бил Hill International N.V., па оттука погрешен бил заклучокот дека договорот бил, односно неговото правно значење било условено со склучување на договорот на Алб Архитект со Договорниот орган. Сосема било недвосмислено дека Алб Архитект како

подизведувач или член на група не можел да склучи посебен договор со Договорниот орган, надвор од договорот кој во случај на избор за најповолен понудувач ќе го склучел Hill International N.V. како главен економски оператор носител на групата. Оттука воспоставениот однос со договорот за услуги меѓу Алб Архитект и физичкото лице давател на услуги бил полноважен и обврзувачки, за договорните страни од моментот на склучување на истиот што несомнено можело да се утврди и од Член 10 под (III) каде било предвидено дека договорот бил обврзувачки за страните, како и за нивните следбеници, но во Член 5 од договорот за услуги било предвидено дека истиот можел да биде дополнет и допрецизиран со Анекс под услов и во случај ако на Hill International N.V. му бил доделен договорот за јавни набавки. Во однос на наводите на договорниот орган за дел од физичките лица даватели на услуги дека не била доставена целосна изјава по член 88 од Законот за јавните набавки, биле во целост неосновани, од причина што во документацијата доставена во прилог на понудата за секое физичко лице, доставена била и/или потпишана изјава, заверена на нотар и/или уверение од кривична евиденција. Видно од вака дадената изјава и приложената документација истата се повикувала на член 88 од ЗЈН, а видно од самиот текст, доставената изјава/документација во целост ја содржела суштината на одредбата од член 88 од ЗЈН, особено ако се имало во предвид фактот дека доставената изјава точно го потврдувала фактот дека кај лицата немало пречки во однос на член 88 од ЗЈН и против истото не се воделе никакви кривични постапки. Од друга страна, жалителот сакал да истакне дека согласно разбирањето на ЗЈН договорниот орган немал право ниту правен основ да бара доставување на изјави по член 88 од ЗЈН со оглед да оваа одреба се однесувала исклучиво на еконоскиот оператор или на лице кое било член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое имало овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него. Во овој случај, физичките лица спрема кои било истакнат овој навод не преставувале ниту биле економски оператор ниту член на управен одбор или надзорен орган кај економскиот оператор ниту пак имале овластување за застапување или донесување на одлуки во правното лице. Договорниот орган ваква изјава можел единствено да побарува од понудувачите/подизведувачите, а не и за лицата кои биле вработени кај истите. Оттука, целосно неоснована и неприменлива била како причина за отфрлање на понудата на подизведувачот. Договорниот орган - Јавно претпријатие за државни патишта во текот на постапката сторил битни повреди на Законот за јавни набавки бидејќи кандидатот или понудувачот морал да биде исклучен од постапката за јавна набавка затоа што постоеле причини за негово исклучување и тендерската документација не била во согласност со овој

закон, а довела до дискриминација на останатите економски оператори, односно ограничување на пазарната конкуренција, со ваквиот начин на постапување Договорниот орган погрешно и нецелосно ја имал утврдено фактичката состојба и погрешно го применил материјалното право. Од причина што целокупниот тек на тендерската постапка бил тенденциозен сам по себе, жалителот сметал дека ЈПДП во текот на спроведување на постапката сторил и суштествена повреда на член 3, 5 и 7 од Законот за јавни набавки, повредувајќи ги начелата на кои се темелат јавните набавки конкуренција и еднаков третман, не обезбедувајќи конкуренција, еднаков третман и недискриминација меѓу економските оператори. Оттука, врз основа на погоре наведеното, побиваната Одлука за избор на најповолна понуда бр.08-8789/56 од 07.12.2022 година од страна на ЈПДП била неоснована и незаконска, односно истата била донесена врз основа на погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба во однос на понудата на Економскиот оператор - жалителот (ЈВ) Hill International N.V. Холандија како лидер на група на понудувачи здружен со Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје, па поради тоа погрешно го применил материјалното право и истата ја отфрлил како неприфатлива. Вака донесената одлука за избор на најповолен понудувач, со толку многу аномалии и правни недостатоци со претерано барање на истите пропусти кај жалителот едноставно не можело да опстане во правниот поредок, а испраќала и лоша порака до меѓународните институции кои посредно биле вклучени во ваквите постапки за унификација на правилата, како и за фактичка реализација на проектите од овој тип од не само домашно значење туку и од меѓународно стратешко значење. Врз основа на сето досега изложено и приложено, жалителот предлага жалбата на Hill International N.V. Холандија како лидер на група на понудувачи здружен со Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје да биде во целост уважена, Одлуката за избор на најповолна понуда број 08-8789/56 од 07.12.2022 година да биде поништена и постапката да се врати во фаза на повторна евалуација, во која понудата на жалитеот ќе биде оценета како комплетна и целосна или Одлуката за за избор на најповолна понуда број 08-8789/56 од 07.12.2022 година да биде поништена и Отворена постапка со број на Оглас за јавна набавка: 15413/2022 со предмет на договор за јавна набавка: Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и Коридор X-d да биде поништена во целост. Жалителот сакал да истакне дека договорниот орган во образложението вклучил уште многу причини за отфрлање на понудата на жалителот со единствена цел на погрешен начин да се збие бројот на прашањата и во целото мнозинство овие точки биле претставени преувеличени со повторување на истите коментари за недостаток или погрешно изготвени документи, кои лесно можеле да ги

одржи и при реевалуација можело да се види дека биле изготвени согласно тендерската документација и вклучени во понудата, а исто така не биле елиминаторни. Воедно жалителот бара да му бидат надоместени трошоците по оваа постапка.

На ден 27.12.2022 година избаниот понудувач IRD ENGINEERING Srl до Државната комисија достави одговор на жалба и во истиот наведува дека во врска со изнесеното во доставената Жалба на Жалителот против побиваната Одлука, избраниот понудувач тврди дека жалбените наводи биле во целост неосновани. Во однос на жалбените наводи дека понудата на избраниот понудувач со доставениот Договор за поднесување на групна понуда го немала исполнето во целост ставот 5 од потточката 1.7.4. од тендерската документација и дека според жалителот „тој го содржи истиот општ текст кој се однесува на сите членови, дека не се презентираат посебни одговорности за секој член на групата, како што се бара во тендерската документација, дека не е наведено јасно кој од партнерите е задолжен на пр. за лабораторијата и усогласеноста со квалитетот на овој проект". Избраниот понудувач навел дека имено, точката 1.7.4 од тендерската документација, всушност, претставувала отсликување на одредбата од член 106 став 5 од Законот за јавните набавки, а истата гласела: „1.7.4 Составен дел на групна понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци: - членот на групата што ќе биде носител на групата, односно што ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред договорниот орган, -членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка, - членот на групата кој ќе ја даде и потпише во име на групата Изјавата за сериозност на Понудата, - членот на групата што ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата, - краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот". Согласно цитираната одредба од тендерската документација, групата подготвила и во прилог на понудата уредно поднела Договор за поднесување на групна понуда за учество на отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка (Козорциумски договор) за Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и Коридор X-d по оглас бр. 15413/2022. Предмет на Договорот за поднесување на групна понуда бил регулирање на правата и обврските помеѓу договорните страни заради нивно здружување и заедничко учество во форма на група на понудувачи (конзорциум) во отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка со предмет: Надзор и правен трансакциски советник за

изградба на Коридор VIII и Коридор X- d, објавена од страна на Договорниот орган Јавно Претпријатие за државни патишта со број на оглас 15413/2022 на веб страната на Електронскиот систем за јавни набавки. Во член 5 од Договорот за поднесување на групна понуда, биле наведени обврските на членовите на групата, при што секој од членовите на групата имал обврска да ги извршува сите обврски и услуги согласно Договорот за јавна набавка склучен со Договорниот орган Јавно претпријатие за државни патишта - Скопје и да навремено и точно во рок, обезбедува и пружа информациска, документациска, техничка, кадровска и друга услуга која ИРД-ЕНГИНЕЕРИНГ СРЛ Рим, Италија (како Носител на групата) ќе ја побарала во врска со извршување на Договорот за јавна набавка. Дополнително, понуда доставил и уредно пополнет Прилог ТАБЕЛА 2 - Процентуално учество на партнерите и подизведувачите во извршување на Договорот за јавна набавка за секоја позиција (дел) од предметот на договорот за јавна набавка, кој бил баран согласно објавената тендерска документација. Истиот било само поткрепа на фактот дека секој од партнерите, односно членовите во групата на понудувачи соодветно и солидарно ќе учествувале во извршување на услугите од Договорот за јавна набавка, согласно утврденото во Договорот за поднесување на групна понуда. Заради тоа и сите членови на групата доставувале Лиценца А за надзор над изведбата на објекти од прва категорија, согласно Законот за градење, како доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесувале на предметот на јавна набавка. Видно од приложениот Договор за поднесување на групна понуда било дека истиот бил целосно во согласност со член 106 став 5 од Законот за јавните набавки и со точката 1.7.4. став 5 од тендерската документација и ги содржел сите елементи кои биле таксативно утврдени во законската одредба од член 106 став 5 и точка 1.7.4. став 5 од тендерската документација. Имено, и во точката 1.7.4 од тендерската документација и во член 106 став 5 алинеја 4 од Законот за јавните набавки јасно било наведено дека требало да се даде само краток опис на обврските на секој од членовите на групата на понудувачи, без договорот за групна понуда да се оптоварува со навлегување во детали за поединечните обврски на членовите на групата на понудувачи. Токму таков договор бил изготвен согласно сите барања од тендерската документација и одредбите од Законот за јавните набавки и поднесен заедно со понудата. Според тоа не постоеле никакви причини за отфрлање на понудата од учество во предметната постапка. Во однос на тоа дека „Останува отворено прашањето, кое ЈПДП морало да го разгледа, а економските оператори како група која е избрана за најповолен понудувач да го докаже, ДАЛИ СИТЕ ЧЕТИРИ ПРАВНИ ЛИЦА поседуваат СЕРТИФИКАТ за акредитирана

лабораторија?!?!?!", избраниот понудувач сакал да напоменеме дека согласно член 96 став 6 од Законот за јавните набавки „Групата економски оператори може да ја користи способноста на членовите во групата или на други субјекти на начин утврден во ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член". Според ова, во конкретниот случај Групата на понудувачи ги докажувала бараните услови од тендерската документација збирно, имајќи ги во предвид ресурсите и доказите на сите членови на групата. Имено, истото било регулирано и во членот 3 од Договорот за поднесување на групна понуда, во кој се наведувало дека: „Членовите на групата на економски оператори ИРД-ЕНГИНЕЕРИНГ СРЛ, Рим, Италија (во својство на: Носител на групата економски оператори), ЕПТИСА СЕРВИЦИОС ДЕ ИНГЕНИЕРИА СЛ (во својство на: Член на групата економски оператори), ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје (во својство на: Член на групата економски оператори) и ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје (во својство на: Член на групата економски оператори), се согласни дека секој поединечно и заедно како членови на групата ќе ги обезбедат и приложат сите потребни документи согласно условите и барањата од Тендерската документација. Членовите на групата на економски оператори ИРД-ЕНГИНЕЕРИНГ СРЛ, Рим, Италија (во својство на: Носител на групата економски оператори), ЕПТИСА СЕРВИЦИОС ДЕ ИНГЕНИЕРИА СЛ (во својство на: Член на групата економски оператори), ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје (во својство на: Член на групата економски оператори) и ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје (во својство на: Член на групата економски оператори) поединечно ќе ги докажуваат условите дека не постојат причини за исклучување од постапката, како и способноста за вршење на професионална дејност од Условите за квалитативен избор на економските оператори и во таа насока како дел од понудата ќе ги достават сите документи и изјави со кои се докажуваат истите. Останатите услови за квалитативен избор во делот на економско финансиската состојба и техничката и професионалната способност на економските оператори, Групата на економски оператори ќе ги докажува збирно, земајќи ги во предвид ресурсите на групата економски оператори и во таа насока како дел од понудата ќе ги достават сите документи и изјави со кои се докажуваат истите, согласно објавената тендерска документација по оглас бр. 15413/202". Договорниот орган во предметната постапка за јавна набавка не го применил правото од член 106 став 3 од Законот за јавните набавки, кој гласел: „Договорниот орган во тендерската документација може да појасни како групите економски оператори ќе ги исполнат условите за утврдување на економската и финансиската состојба или техничката и професионалната способност, доколку е тоа сразмерно и оправдано од објективни причини". Наспроти ова, во тендерската документација во точка

1.7.6 од тендерската документација Договорниот орган го имал наведено следното: „Сите членови на групата на економски оператори, мораат поединечно да ги исполнат условите наведени во точка 2.2. и 2.4. Ако економските оператори поднесат понуда како група на економски оператори, условите од точка 2.5. и 2.6. се докажуваат со земање во предвид на ресурсите на сите членови на групата." Имајќи го во предвид погоренаведеното, мошне јасно било дека поднесениот Договор за поднесување на групна понуда во понудата бил во целост согласно барањата и условите од тендерската документија и одредбите на Законот за јавните набавки и дека понудата ги исполнувала и задоволувала барањата и условите за учество во предметната постапка за јавна набавка, дека понудата не содржела формални или било какви недостатоци кои би резултирале со евентуално исклучување од постапката по било кој основ од наведените во жалбата на жалителот. Понатаму, во однос на жалбените наводи за евентуална поврзаност на правното лице Друштво за производство, трговија, услуги и градежништво ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Орце Николов бр. 180-1/3 со ЕМБС 5702968 (кој е член на групата понудувачи од нашата понуда) со Друштвото за проектирање, надзор и инженеринг ИНСТИТУТ ЗА ПАТИШТА ДООЕЛ Велес со седиште во Велес на ул. Населено место без уличен систем бр. 1, Долно Оризари, Велес, со ЕМБС 7483503, избраниот понудувач сакал да наведе дека жалбените наводи и во овој дел биле неточни, невистинити и како такви во целост неосновани. Имено, се работело за два посебни правни субјекти, видно од Тековните состојби кои жалителот ги поднел како доказ кон жалбата, кои биле во сопственост на различни физички лица. Согласно член 491 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20, 215/21 и 99/22), „Поврзани друштва се правно самостојни друштва кои се поврзуваат и кои воспоставуваат меѓусебни односи како: 1) друштво коешто во друго друштво има учество, значајно учество, мнозинско учество или мнозинско право во одлучувањето или заемно учество и 2) зависно, владејачко друштво и друштва кои дејствуваат заеднички." Имајќи ги во предвид одредбите на Законот за трговските друштва, избраниот понудувач апсолутно тврдел дека наведените правни субјекти не претставуваат поврзани друштва во смисла на членот 491 од Законот за трговските друштва, па според тоа не постоело никаква причина или правен основ да се ограничи правото на учество на економскиот оператор Друштво за производство, трговија, услуги и градежништво ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Орце Николов бр.

180-1/3 со ЕМБС 5702968 во конкретната или во било која друга постапка за јавна набавка. Во оваа насока, Законот за јавните набавки во член 28 експлицитно предвидувал дека: „Секој економски оператор има право да учествува, самостојно или како член на група економски оператори, во постапка за јавна набавка, согласно член 107 од овој закон". Во член 107, Законот ја наведува единствено обврската кандидатот, односно понудувачот, во рамките на иста постапка за јавна набавка да може да учествува само во една пријава за учество, односно понуда, како и дека сите пријави за учество, односно понуди ќе биле отфрлени ако кандидатот, односно понудувачот: „- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда или - учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда. Согласно член 101 став 7 и 8 од Законот за јавните набавки било предвидено дека забрана за учество во постапките за доделување на договори за јавни набавки имал само понудувач или член на група на понудувачи кој имал негативна референца. Против членот на групата на понудувачи - ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, во моментот на отворањето на понудите немало издадено негативна референца, што значело дека не постоеле никакви причини за исклучување на групата на понудувачи од предметната постапка за јавна набавка. Во однос на укажувањето на жалителот дека Друштвото за производство, трговија, услуги и градежништво ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, како член на групата избрана за најповолен понудувач, не поседувала Лиценца за надзор на објекти од прва категорија во моментот на објавување на огласот број 15413/2022 од 15.09.2022, која всушност ја стекнала дури на 03.10.2022, избраниот понудувач сакал да истакне дека овој жалбен навод бил целосно несонован од причина што економскиот оператор на денот на јавното отворање имал уредна и валидна Лиценца А за надзор на објекти од прва категорија, издадена од Министерството за транспорт и врски како надлежен орган, со што во целост се исполнувало и задоволувало барањето од точката 2.4.1 од тендерската документација. Жалителот исто така во продолжение додавал дека: „Тоа покажува дека оваа компанија ниту има некакво професионално искуство за надзор над вакви големи проекти, ниту има дадено историјат за своето искуство во исполнување на обврски за вршење надзор при изградба на објекти од I категорија", што било исто така неосновано од причина што економскиот оператор ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје во конкретната постапка не настапувал со своја самостојна понуда за да самостојно ги докажува условите за квалитативен избор. Напротив, економскиот оператор бил еден од членовите на групата понудувачи кои поднесуваат Групна понуда и кои заедно како група ги докажувале барањата и условите за квалитативен избор од тендерската

документација за конкретната јавна набавка. Во однос на наводите дека „Избраната група на економски оператори во процесот за ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје достави список на инженери вработени во оваа компанија непосредно пред јавното отворање на постапката, со еден до два работни часа дневно во ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, Подружница Велес и останатото време за други правни лица" и дека со тоа како што наведувал жалителот „Се наметнува отворено прашање дали со само еден до два работни часа дневно на проектот за кој тие се најповолни понудувачи, овие лица без претходно искуство во ова правно лице можат да постигнат исполнување на своите обврски за надзор", избраниот понудувач како Група на понудувачи тврдела дека истото било НЕТОЧНО и НЕОСНОВАНО. Имено, согласно условите и барањата од тендерската документација (во точка 11.1.4 од Формуларите за техничка понуда - ОПШТ ДЕЛ) и Проектната програма (Пречистен текст) бр. 08-8789/22 од 10.10.2022 година, која била составен дел на тендерската документација, во својата техничка понуда понудувачите биле должни да достават Методологија и работен план за извршување на Договорот за јавна набавка. Врз основ на Проектната програма, критериумите за техничка и професионална способност од тендерската документација, извршениот теренски увид на локациите за изведба на автопатските делници од Проектот за изградба на автопатските делници од Коридор 8 и Коридор 10-д и анализирање на севкупните околности од страна на избраниот понудувач како Група на понудувачи била изработена Методологија и работен план за извршување на Договорот за јавна набавка, во која детално бил наведен начинот на вршење на услугите кои биле предмет на Договорот за јавна набавка и била донесена одлука за избор на Надзорниот тим со цел успешно завршување на проектот. Исто така, клучно за одлуката за избор на Надзорниот тим било дека истата била донесена врз основа на долгогодишното искуство кој го поседувале предложените лица на Надзорниот тим во областа на градежништвото и посебно во надзор над изградба, реконструкција или рехабилитација државни патишта и на инфраструктурни проекти во нашата држава и во странство. Конкретно, сите предложени членови на Персоналот (клучниот и неклучниот експертски персонал) ќе ги вршеле услугите за надзор согласно приложената Методологија во понуда и во се според Проектната програма (Пречистен текст) бр. 08-8789/22 од 10.10.2022 година. Истите ќе биле целосно на располагање на работодавачот ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје и севкупно на Групата понудувачи за потребите и целите на овој Проект, како и на Договорниот орган Јавно Претпријатие за државни патишта - Скопје, за целото времетраење на Договорот за јавна набавка, за што секое од предложените клучни и неклучни експерти од понудата имале пополнето и доставено: Пополнет и своерачно потпишан

образец на Биографија од секој предложен експерт, своерачно потпишана Изјава од секој експерт дека ги исполнувале бараните услови за позицијата за која се предлагаат, како и останатата потребна документација, која била составен дел на понудата, а согласно бараното од објавената тендерска документација. Во моментот на отворање на понудите (25.10.2022 година во 11.00 часот) сите лица со кои располагал членот на групата ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, како и сите лица со кои располагала Групата на понудувачи, а за кои биле поднесени докази за вработување издадени од надлежен орган, јасно можело да се заклучи дека лицата биле во работен однос на неопределено време и без оглед на бројот на работните часови дневно, не постоел основ за нивно неприфаќање од страна на Договорниот орган, од причина што Договорниот орган не предвидувал во ниту еден дел од тендерската документација, секој експерт да бил вработен на полно работно време (од 40 часа неделно) во економскиот оператор, ниту истите да биле вработени на неопределено или определено време. Избраниот понудувач сметал дека она што било особено битно за Договорниот орган во самата постапка за јавна набавка, согласно барањата и условите од тендерската документација за Персоналот „да биде вработен кај економскиот оператор или ангажиран согласно важечкиот Закон за јавни набавки", било тоа дека секое лице било вработено во ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје (како член на групата на понудувачи) или ангажирано согласно Законот за јавните набавки за конкретниот Проект, во моментот на отворање на понудите на ден 25.10.2022 година, за што имал доставено и докази кои во целост биле согласно барањата и условите од тендерската документација „Копија од доказ за вработување или соодветен доказ за ангажирање согласно важечкиот Закон за јавни набавки", со што целосно и непобитно го исполнувал бараниот услов од тендерската документација лицата да бидат вработени или ангажирани согласно важечкиот Закон за јавни набавки. Понатаму, во однос на наводот дека: „Првостепениот орган при изборот на најповолен понудувач не зеде предвид дека за експертите кои ќе работат на овој проект, член на групата економски оператори избрани за најповолен понудувач, градежната компанија ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје како доказ достави обрасци М1/М2 од регистрираната подружница во Велес под единствен матичен број на субјектот 57029", одговорот на овој навод самиот жалител го давал во продолжение на жалбата каде наведувал дека „согласно член 26 од ЗТД и член 589 од ЗТД, секоја подружница (на домашно правно лице или странско правно лице) НЕМА СТАТУС НА ПРАВНО ЛИЦЕ во државниот систем на Република Македонија, но е составен дел на матичното правно лице каде што е регистрирано во системот што значи дека носител на сите права и обврски кон државниот систем и другите субјекти е регистрираното правно

лице, а не неговата подружница". Во член 26 од ЗТД било наведено дека: „(1) Трговското друштво може да врши дејности и работи од предметот на работење на друштвото надвор од седиштето преку една или повеќе подружници" и „(4) Подружницата нема својство на правно лице. Од работењето на подружницата, права и обврски стекнува трговското друштво". Имено, како што било регулирано во споменатите одредби од Законот за трговските друштва, подружницата на домашното правно лице немала својство на правен субјект и претставувала само деловна единица во која друштвото ја вршело својата дејност надвор од своето седиште (Член 26 од ЗТД). Сите лица приложени во понудата, а кои биле вработени во правниот субјект Друштво за производство, трговија, услуги и градежништво ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Орце Николов бр. 180-1/3 со ЕМБС 5702968 и ЕДБ 4006002114405 (кој е член на групата понудувачи од нашата понуда), а истото било јасно видливо од увид во доказите за вработување (М1/М2 обрасците), каде покрај назив на Работодавач се наведувало единствен даночен број на субјектот, единствен матичен број на субјектот и реден број на деловната единица каде работникот се пријавувал во работен однос. Дел од експертите со кои располагал економскиот оператор ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје како член на групата понудувачи биле ангажирани со договор за ангажирање и истиот заедно со останата документација за лицата кои биле ангажирани дека не постојат причини за нивно исклучување од постапката како субјекти кои ги отстапувале своите образовни и професионални квалификации. Жалителот наведувал (со име и презиме) лица-експерти „(Љубица Јачова, Ѓуро Велковски, Зоран Арсов, Зоран Јакимовски, Љубомир Петковски, Страхил Николов, Љупчо Коцевски, Благица Стојанова, Петар Илиев, Олгица Мицевска, Ѓорѓи Метулев, Гоце Јовановски, Марјан Коцев, Зоран Наумовски, Панче Мешков, Венцислав Јордановски, Мирко Стојанов, Борче Ставров, Дарко Карајанов, Александар Митевски, Дарко Димитровски, Ирина Стрезовска, Гоце Јановски, Методи Бановски, Љупче Ѓошов, Орце Тодоровски, Бојан Атанасовски, Коста Јанев, Тони Апостоловски), пријавени од избраниот понудувач, претходно беа пријавени како стручни лица-експерти во правното лице кое има негативна референца, Друштвото за проектирање, надзор и инженеринг ИНСТИТУТ ЗА ПАТИШТА ДООЕЛ Велес со ЕМБС 7483503. Истите експерти и денеска се пријавени дека работат во ова правно лице со полно работно време, а со дополнително работење во ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје", за што избраниот понудувач можел да каже само дека секое физичко лице има право и слобода согласно Закон, било каде да заснова работен однос, како и да го потенцира фактот дека споменатиот правен субјект Друштвото за проектирање, надзор и инженеринг ИНСТИТУТ ЗА ПАТИШТА ДООЕЛ

Велес со ЕМБС 7483503 не претставувал учесник во оваа постапка за јавна набавка (ниту како член на група, ниту како самостоен понудувач, ниту како субјект давател на подршка, ниту како подизведувач или во било кое друго својство). Заради тоа, апсолутно избраниот понудувач тврдел дека наводите на жалителот биле паушални, контрадикторни, неточни, невистинити и неосновани во целост. Понатаму, во однос на жалбениот навод дека: „доколку се направи анализа на тековната состојба која ја доставуваме како доказ со оваа жалба, ќе воочите дека приоритетна дејност на оваа подружница се Други услуги за информатичка технологија и компјутери - шифра 62.09, кои не се поврзани со ниту една од услугите што ги бара тековниот процес на набавка", избраниот понудувач сакал да напомене дека Тековна состојба не била утврдена како доказ за исполнување на било кој услов од тендерската документација. Согласно точка 2.4.1 од тендерската документација „За да ја докаже способноста за вршење на професионална дејност, економскиот оператор треба да достави документ за регистрирана дејност (ДРД образец) како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран", заради што ние во нашата понуда за членот на групата ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје уредно доставивме Документ за регистрирана дејност и валидна Лиценца А за надзор над изведбата на градби од прва категорија издадена од надлежен орган Министерство за транспорт и врски. Со тоа, барањата за исполнување на условите за професионална дејност од точката 2.4.1 од тендерската документација за членот на групата ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје и на Групата понудувачи воопшто е исполнета и задоволена во целост. Врз основа на се горенаведено избраниот понудувач сметал дека жалбените наводи против побиваната Одлука со која понудата на Група на понудувачи ИРД-ЕНГИНЕЕРИНГ СРЛ, Рим, Италија (во својство на Носител на групата понудувачи), ЕПТИСА СЕРВИЦИОС ДЕ ИНГЕНИЕРИА СЛ. (во својство на Член на групата понудувачи), ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје (во својство на Член на групата понудувачи) и ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје (во својство на Член на групата понудувачи) била избрана за најповолна, биле во целост НЕОСНОВАНИ од причина што врз основа на погореизнесените факти и доставените документи и докази од Понудата можело недвосмислено да се утврди дека: „- не постојат причини за исклучување на најповолно рангираниот понудувач во постапката; - Договорниот орган правилно и целосно ја утврдил фактичка состојба кога ја донел побиваната Одлука, и Договорниот орган правилно го применил материјалното право во постапката за предметната набавка.“ Поради тоа

избраниот понудувач барал врз основа на начелата на законитост, ефикасност, достапност, транспарентност и контрадикторност, Државната комисија за жалби по јавни набавки да утврди дека постапката за донесувањето на побиваната Одлука била спроведена правилно и дека побиваната Одлука била законита, а Жалбата била целосно неоснована за што ќе донесе Решение со кое Жалбата на Жалителот Група на понудувачи ХИЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ НВ Холандија (во својство на Носител на групата понудувачи) и Градежен Институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје (во својство на Член на групата пондувачи) да се одбива како неоснована во целост.

Договорниот орган во одговорот на жалбата дава хронолошки приказ на постапката и наведува дека пред коментирање на жалбените наводи од жалбата на жалителот, сакал да укаже дека согласно член 3 став 1 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 163/2021), кој претставувал lex specialis со кој се уредува постапката за реализација на овој Проект, а според кој, проектирањето и изградбата на инфраструктурата на Коридор 8 и проектирањето и изградбата на инфраструктурата на Коридор 10 д, кој во членот 2 став 1 алинеја 8 од законот бил дефиниран како Проект кој претставува капитална инвестиција од стратешко национално значење за Република Северна Македонија. Согласно став 3 од истиот член, сите постапки кои се спроведуваат во согласност со одредбите на овој закон се сметале за итни и сите државни и локални власти, компании и јавни претпријатија, како и сите други јавни органи и институции биле должни навремено да преземат активности за спроведување во рамките на нивната надлежност. Во таа насока, имајќи ги во предвид одредбите на горенаведениот Закон и Законот за градење каде во член 12 став 1 било утврдено дека „Учесници во изградбата се носителот на правото на градење и правни лица кои ги вршат работите на проектирање, ревизија, изведување и надзор над изградбата“, Јавното Претпријатие за државни патишта – Скопје, донело Одлука за јавна набавка бр. 02-8789/1 од 15.09.2022 година за доделување на договор за јавна набавка на услуги со предмет: Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и Коридор X-d, по објавен оглас со бр. 15413/2022, применувајќи го Законот за јавните набавки, како и имајќи ги во предвид одредбите на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација

на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија, како lex specialis со кој се уредувала реализацијата на овој Проект. Во однос на жалбените наводи дека Комисијата за јавни набавки на Договорниот орган побарала од избраниот најповолен понудувач појаснување на понудата, а не побарала и од жалителот, договорниот орган известува дека Комисијата за јавни набавки во текот на евалуацијата на понудите во постапката при примена на член 109 став 2 од Законот за јавните набавки, во однос на барањето на појаснување и дополнување на понудата од понудувачите во постапката, особено го имала предвид фактот дали станува збор за значителни отстапувања од бараната документација на понудувачот. Притоа, видно од Извештајот од спроведената постапка било дека жалителот има значителни и големи отстапувања од бараната документација за исполнување на условите за способност, кои биле детално и таксативно наведени во Извештајот од спроведена постапка и во Известувањето за избор на најповолна понуда 08-8789/61 од 14.12.2022 година. Особено за Комисијата било важно дали понудувачот би ја појаснил или дополнил својата понуда со бараното појаснување, односно дополнување, а имајќи ги во предвид недостатоците и нивниот обем во понудата на жалителот, според што Комисијата оценила дека било нецелисходно од истиот да се побара појаснување и дополнување на понудата (особено поради фактот што голем дел од договорите за вработување/ангажирање на предложените експерти биле невалидни и не се однесувале за конкретната постапка за јавна набавка, или биле склучени од страна на подизведувач, кој не бил член на групата понудувачи и сл.) и голем дел од документите за утврдување на способностаеможеле да се обезбедат по спроведеното јавно отворање на понудите (на пр. за лицата кои биле ангажирани, односно чии професионални и образовни квалификации ги користи, а за кои жалителот не доставувал документи/докази дека не постојеле причини за нивно исклучување од постапката, кои било потребно да се издадени од надлежен орган пред датумот на јавното отворање на понудите, како и за оние правни субјекти чија способност ја користел жалителот, а за кои исто така во својата понуда не доставувал докази дека не постојат причини за нивно исклучување од постапката издадени од земјите во кои економските оператори биле регистрирани). Според тоа, понудата на жалителот во никој случај не би ги исполнила барањата и условите од тендерската документација и покрај бараните појаснувања или дополнувања на понудата. Според тоа, договорниот орган навел дека овој жалбен навод бил целосно неоснован. Во однос на жалбените наводи дека избраниот

најповолен понудувач сторил Повреда на тендерската документација точка 1.7. Право на учество, потточка 1.7.4., односно дека со доставениот Договор за поднесување на групна понуда го немал исполнето во целост ставот 5 од потточката 1.7.4. од тендерската документација и дека договорот за групна понуда го содржела истиот општ текст кој се однесувал на сите членови, дека не се презентирале посебни одговорности за секој член на групата, како што се барало во тендерската документација, дека не било наведено јасно кој од партнерите бил задолжен на пр. за лабораторијата и усогласеноста со квалитетот на овој проект, договорниот орган тврдел дека овој жалбен навод бил целосно неоснован. Конкретно, точката 1.7.4 од тендерската документација, гласела: „1.7.4 Составен дел на групна понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци: - членот на групата што ќе биде носител на групата, односно што ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред договорниот орган, - членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка, - членот на групата кој ќе ја даде и потпише во име на групата Изјавата за сериозност на Понудата, - членот на групата што ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата, - краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот“. Имајќи го во предвид наведеното во точка 1.7.4 од тендерската документација, како и членот 106 став 5 од Законот за јавните набавки, Комисијата при проверка на комплетноста и валидноста на доставената документација и при евалуација на понудите, утврдила дека избраниот најповолен понудувач во својата понуда имал доставено потпишан Договор за поднесување на групна понуда од секој член на групата понудувачи, во кој биле регулирани правата и обврските помеѓу договорните страни заради нивно здружување и заедничко учество во форма на група на понудувачи (конзорциум) во отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка со предмет: Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и Коридор X-d, Оглас 15413/2022 и во кој во членот 5 се наведени меѓу другото и обврските на членовите на групата. Според наведеното во членот 5 од Договорот, секој од членовите на групата имал обврска да ги извршува обврските и услугите кои биле предмет на набавката, согласно Договорот за јавна набавка склучен со Договорниот орган Јавно претпријатие за државни патишта – Скопје и да навремено и точно во рок, обезбедува и пружа информациска, документациска, техничка, кадровска и друга услуга која ИРД-ЕНГИНЕЕРИНГ СРЛ Рим, Италија (како Носител на групата) ќе ја побара во врска со извршување на Договорот за јавна набавка. Видно од

самиот договор било дека секој од членовите на групата понудувачи, ќе учествувал во извршување на услугите за надзор кои биле предмет на Договорот за јавна набавка, заради што членовите на групата во нивната понуда доставувале валидни: Лиценци А за надзор над изведбата на објекти од прва категорија или Потврди за Странските Економски оператори, издадени од надлежен орган согласно Законот за градење, како доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесувале на предметот на јавна набавка за секој член на групата поединечно. Договорот за поднесување на групна понуда бил во согласност со член 106 став 5 од Законот за јавните набавки и со точката 1.7.4. став 5 од тендерската документација и ги содржел сите елементи кои биле утврдени во член 106 став 5 и точка 1.7.4. став 5 од тендерската документација. Впрочем, и самиот текст од точката 1.7.4 од тендерската документација и во член 106 став 5 алинеја 4 од Законот за јавните набавки упатувало на тоа дека во Договорот за поднесување на групна понуда требало да се даде само краток опис на обврските на секој од членовите на групата на понудувачи, без притоа договорот за групна понуда да се оптеретува со детали за секоја од поединечните обврски на членовите на групата на понудувачи. Впрочем, детално наведување на обврските на членовите на групата, на начин на кој што барал жалителот, било невозможно, што можело многу лесно да се потврди доколку се погледнела Изјавата за расположлив персонал, доставена од избраниот најповолен понудувач. Имено, во истата бил наведен целиот персонал кој ќе бил ангажиран за реализација на договорот за јавна набавка, поделен по тимови согласно барањата од проектната програма и можело лесно да се утврди дека се работело за мешани тимови во кои имало лица кои биле вработени или ангажирани од страна на сите членови на групата на понудувачи. Оттука, жалбениот навод на жалителот дека во договорот за групна понуда на избраниот најповолен понудувач било наведено дека општо секој од членовите на групата ќе ги извршувал сите обврски, во целост бил неоснован, токму од причина што персоналот од сите членови на групата ќе биле вклучен во секоја од активностите за реализација на договорот. Во врска со жалбениот навод дека „Останува отворено прашањето, кое ЈПДП морало да го разгледа, а економските оператори како група која е избрана за најповолен понудувач да го докаже, ДАЛИ СИТЕ ЧЕТИРИ ПРАВНИ ЛИЦА поседуваат СЕРТИФИКАТ за акредитирана лабораторија?!?!?! Во случајот ова прашање воопшто не е разгледувано, а е крајно нужно за темелно и квалитетно следење како надзор на предметниот проект“, договорниот орган сакал да напомене дека согласно член 96 став 6 од Законот за јавните набавки во случај на понуда од Група на понудувачи, бараните услови од тендерската документација се

докажувале збирно, имајќи ги во предвид ресурсите и доказите на сите членови на групата. Истото било и во конкретниов случај, каде што согласно членот 3 од Договорот за поднесување на групна понуда на избраниот најповолен понудувач, во кој страните се договориле да поединечно ги докажуваат условите дека не постоеле причини за нивно исклучување од постапката, како и способноста за вршење на професионална дејност од условите за квалитативен избор на економските оператори, а останатите услови за квалитативен избор во делот на економско финансиската состојба и техничката и професионалната способност на економските оператори (меѓу кои било и барањето од точка 2.6.1 Економските оператори да имаат Акредитирана лабораторија за испитување на квалитет на материјали според МКС EN ISO / IEC 17025 за контролни испитувања на физичко-механички својства), Групата на економски оператори ги докажувала збирно, земајќи ги во предвид ресурсите на групата економски оператори и во таа насока како дел од понудата ги доставувале сите потребни документи и изјави со кои се докажувале истите, согласно тендерска документација. Договорниот орган сакал да напомене дека во тендерската документација во точка 1.7.6 од истата било наведено следното: „Сите членови на групата на економски оператори, мораат поединечно да ги исполнат условите наведени во точка 2.2. и 2.4. Ако економските оператори поднесат понуда како група на економски оператори, условите од точка 2.5. и 2.6. се докажуваат со земање во предвид на ресурсите на сите членови на групата.“ Имајќи го во предвид погоренаведеното, Комисијата за јавни набавки при евалуацијата на понудата за избраниот најповолен понудувач констатирала дека не постоеле никакви причини за отфрлање на нивната понуда од учество во предметната постапка и дека изнесените жалбени наводи биле во целост неосновани. Во однос на жалбените наводи за евентуална поврзаност на правното лице Друштво за производство, трговија, услуги и градежништво ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Орце Николов бр. 180-1/3 со ЕМБС 5702968 со Друштвото за проектирање, надзор и инженеринг ИНСТИТУТ ЗА ПАТИШТА ДООЕЛ Велес со седиште во Велес со ЕМБС 7483503, договорниот орган сакал да напомене дека во член 28 од Законот за јавните набавки експлицитно било предвидено дека: „Секој економски оператор има право да учествува, самостојно или како член на група економски оператори, во постапка за јавна набавка, согласно член 107 од овој закон“. Во член 107, Законот предвидувал обврска за кандидатот, односно понудувачот, во рамките на иста постапка за јавна набавка да може да учествува само во една пријава за учество, односно понуда, како и дека сите пријави за учество, односно понуди ќе биле отфрлени ако кандидатот, односно понудувачот учествувал во повеќе од една самостојна

и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда или учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда. Дополнително, во членот 101 став 7 и 8 од Законот за јавните набавки било предвидено дека забрана за учество во постапките за доделување на договори за јавни набавки имал само понудувач или член на група на понудувачи кој имал негативна референца. По извршена проверка на постоење на негативни референци за членовите на групните понуди подизведувачите или давателите на способност, Комисијата констатирала дека за ниту еден од нив, па ниту за членот на групата на понудувачи ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, во моментот на отворањето на понудите не постоеле податоци за издадена негативна референца, и согласно тоа не постоеле причини за исклучување на групата на понудувачи од предметната постапка за јавна набавка по овој основ. Жалителот во продолжение наведувал и дека Друштвото за производство, трговија, услуги и градежништво ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, како член на групата избрана за најповолен понудувач, не поседувалал Лиценца за надзор на објекти од прва категорија во моментот на објавување на огласот со број 15413/2022 од 15.09.2022, која всушност ја стекнала дури на 03.10.2022, договорниот орган укажувал на фактот дека овој жалбен навод бил целосно несонован од причина што економскиот оператор на денот на спроведеното јавно отворање имал уредна и валидна Лиценца А за надзор на објекти од прва категорија, издадена од Министерството за транспорт и врски како надлежен орган, со што во целост се исполнувал и задоволувало барањето од точката 2.4.1 од тендерската документација. Датумот кога економскиот оператор се здобил со потребната лиценца воопшто не бил релевантен при евалуацијата на понудите на понудувачите. Во врска со тоа дека овој економски оператор немал професионално искуство за надзор над вакви големи проекти, ниту имал дадено историјат за своето искуство во исполнување на обврски за вршење надзор при изградба на објекти од I категорија“, договорниот орган укажувал дека овој економски оператор во постапката не настапувал со самостојна понуда туку се јавувал како член на група понудувачи кои поднесувале Групна понуда и заеднички како група ги докажале барањата и условите за квалитативен избор од тендерската документација за предметната јавна набавка. Во однос на наводите на жалителот дека „Избраната група на економски оператори во процесот за ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје достави список на инженери вработени во оваа компанија непосредно пред јавното отворање на постапката, со еден до два работни часа дневно во ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, Подружница Велес и останатото време за други правни лица“ и дека со тоа како што наведувал жалителот „Се наметнува отворено прашање дали со само еден

до два работни часа дневно на проектот за кој тие се најповолни понудувачи, овие лица без претходно искуство во ова правно лице можат да постигнат исполнување на своите обврски за надзор“ и дека „Првостепениот орган при изборот на најповолен понудувач не зеде предвид дека за експертите кои ќе работат на овој проект, член на групата економски оператори избрани за најповолен понудувач, градежната компанија ELEKTPA СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје како доказ достави обрасци М1/М2 од регистрираната подружница во Велес под единствен матичен број на субјектот 57029“, договорниот орган сметал дека и овие наводи биле неосновани во целост. Впрочем, сите жалбени наводи на жалителот кои се однесувале на персоналот кој ќе го извршувал договорот од понудата на избраниот најповолен понудувач, имајќи ги предвид условите за докажување на техничката и професионална способност на економските оператори од точка 2.6.1, предвидените докази за докажување на истите утврдени во точка 2.6.2 од тендерската документација за предметната набавка, како и доставената документација во понудата, биле апсолутно неосновани и претставувале обид на жалителот на било каков начин да се постигне неговата цел – поништување на постапката за јавна набавка. Имено, избраниот најповолен понудувач за сите предложени членови на Персоналот имал доставено комплетна, уредна и валидна документација и тоа: „Пополнети и своерачно потпишани обрасци на Биографија од секој член на Персоналот, своерачно потпишана Изјава од секој предложен член на Персоналот дека ги исполнуваат бараните услови за позицијата за која се предлагаат, како и останатата потребна документација, која е составен дел на нивната понуда“, а согласно бараното од објавената тендерска документација. Комисијата за јавните набавки при проверка на комплетноста и валидноста на доставената документација и при евалуација на понудите констатирала дека на денот кој бил означен како краен рок за доставување на понудите и спроведување на јавното отворање на понудите (на ден 25.10.2022 година во 11:00 часот) сите лица кои биле предложени во понудата на избраниот најповолен понудувач биле вработени или ангажирани согласно Законот за јавните набавки, како и што било утврдено во барањата од точка 2.6.1 од тендерската документација. Избраниот најповолен понудувач во својата понуда доставувал уредни и валидни докази за вработување издадени од надлежен орган, од кои јасно и недвосмислено можело да се заклучи дека лицата биле во работен однос на неопределено време и без оглед на бројот на работните часови, Комисијата за јавни набавки не можела да ја оцени истата како неприфатлива од причина што не постоело основ за нивно неприфаќање од Договорниот орган. Тендерската документација не содржела посебни барања или услови кои се однесуваат на тоа вработените или ангажирани

лица да биле вработени на полно или скратено работно време, ниту пак да се вработени на неопределено или на определено работно време. За Договорниот орган било релевантно да се докаже дека економските оператори го имале на располагање по било кој основ потребниот број на лица (експерти) од Персоналот со потребните квалификации и искуство потребни за реализација на Проектот, како и можноста понудениот Персонал да биде ангажиран при реализација на Проектот за вршење на надзор. Истото можело да се заклучи и од текстот на утврдените барања и услови од тендерската документација од точка 2.6.1 кадешто кај секоја од бараните позиции од Персоналот бил предвиден условот истиот „да биде вработен кај економскиот оператор или ангажиран согласно важечкиот Закон за јавни набавки". Од приложената документација во понудата на избраниот најповолен понудувач, конкретно за Персоналот со кој располага членот на групата ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје како член на групата на понудувачи, можело јасно и недвосмислено да се утврди и заклучи дека лицата биле или вработени или ангажирани согласно Законот за јавните набавки за конкретниот Проект, за што понудувачот во понудата доставувал и уредни и валидни докази кои биле во целост согласно барањата и условите од тендерската документација од точката 2.6.2 каде се предвидувало да се достави „Копија од доказ за вработување или соодветен доказ за ангажирање согласно важечкиот Закон за јавни набавки", со што целосно и непобитно се отфрлале жалбените наводи на жалителот како неосновани. Во однос на жалбените наводи дека Комисијата неправилно постапила што од жалителот не побарала истиот да ја појасни или дополни неговата понуда, веќе елаборирал во точката 1 од овој Одговор на жалбата. Дополнително, договорниот орган напоменува само дека Комисијата имајќи го во предвид наведеното во член 109 став 6 од Законот за јавните набавки, кадешто било утврдено дека неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. Имено, како и што веќе напоменал погоре во одговорот на жалба, евентуалното барање за појаснување и дополнување на понудата на жалителот било нецелисходно имајќи ги во предвид значителните отстапувања кои жалителот ги сторил во својата понуда и кои во ниту еден случај не би можеле да се појаснат или дополнат без притоа да се изврши замена на документи од понудата. За разлика од жалителот, кај избраниот најповолен понудувач Комисијата побарала појаснување и дополнување на понудата, од причина што неговата понуда не содржела значителни отстапувања од бараната документација согласно тендерската документација, целосно водејќи се и применувајќи ги начелата на еднаков третман и недискриминација на економските оператори утврдени во член 7 од Законот за јавните набавки. Во однос на пропустите, недоследностите и значителните отстапувања кои жалителот ги сторил при

подготовка и поднесување на понудата, заради што неговата понуда била оценета како неприфатлива и не била предмет на понатамошна евалуација во постапката, согласно член 109 став 6 од Законот за јавните набавки, договорниот орган навел дека: „Изјавите за искуство, барани во доказите за утврдување на исполнетоста на техничката и професионалната способност на економските оператори од точка 2.6.2 од тендерската документација, кои секој експерт е потребно да ги даде и своерачно потпише со кои ќе докаже дека ги има минимум потребните години работно искуство во градежна област или одредено специфично искуство, за докажување на своите образовни квалификации, познавањето на англиски јазик и компјутерските познавања, кај жалителот не се согласно бараното од тендерската документација. Имено, жалителот при подготовка на Изјавите кои се потпишани од секој предложен експерт соодветно, не ги отсликуваат и наведуваат точните барања и услови кои се исполнуваат со дадената изјава. На пример, екпертот потврдува дека има диплома за завршено образование, дека има пополнета биографија и.т.н, но не и дека ги поседува бараните образовни и професионални квалификации и искуство. Понатаму, за секој од наведените лица во Извештајот од спроведената постапка и во Известувањето за избор на најповолна понуда со бр. 08-8789/61 од 14.12.2022 година, за кои се доставени Изјави потпишани од експертите, кои се неуредно пополнети и со тоа невалидни, Комисијата од увид во останатата документација и Пополнетите биографии за секој од приложените експерти на соодветните позиции не ја утврди исполнетоста на барањата и условите од точка 2.6.1 од тендерската документација, што е детално наведено во Извештајот од спроведената постапка.“ Во однос на жалбените наводи на жалителот во врска со договорите кои АЛБ АРХИТЕКТ НМК ДООЕЛ Скопје ги склучил со лицата даватели на услугите, во кои жалбени наводи жалителот тврдил дека тотално погрешно било разбрано дека важењето на договорите било условено, а уште повеќе било погрешно разбрано дека договорите ќе произведувале правно дејство само во случај ако Алб Архитект склучел договор со договорниот орган, договорниот орган сакал да укаже дека истите биле во целост неосновани, а истото можело да се утврди преку следното: „1. Доколку се погледнат договорите веднаш ќе се утврди дека истите се склучени помеѓу Друштво за трговија и услуги АЛБ – АРХИТЕКТ НМК ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр. 3/11, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, со ЕМБС 758788 и ЕДБ 4080022605796, застапувано од управителот Егзона Ризмани (во понатамошниот текст „Корисник на услуги“) и секое од лицата со кои е склучен договорот, со наведување на нивни податоци како адреса, ЕМБГ, трансакциска сметка, банка депонент и кај сите е наведено дека во натамошниот текст се „Давател на услуги“. Од

ова многу јасно се гледа дека АЛБ – АРХИТЕКТ НМК ДООЕЛ Скопје е Корисник на услуги, а секое од лицата со кои е склучен договорот е Давател на услуги. 2. Во точка 5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ, во потточка 5.1 наведено е дека „Овој договор се склучува со одложен услов, односно ќе произведува правно дејство само доколку Корисникот на услугите го добие Проектот и склучи договор со Договорниот орган.“.“ Според наведеното договорниот орган навел дека можело да се заклучи дека за договорот да произведува правно дејство потребно било Корисникот на услугите (а според договорот тоа бил АЛБ – АРХИТЕКТ НМК ДООЕЛ Скопје) да склучи договор со Договорниот орган (Јавно претпријатие за државни патишта). Со оглед на фактот што Друштво за трговија и услуги АЛБ – АРХИТЕКТ НМК ДООЕЛ Скопје не бил понудувач во конкретната постапка за јавна набавка, односно истиот бил подизведувач, а не член на групата понудувачи, споменатите договори никогаш не можеле да стапат на сила, од причина што условот кој бил наведен во самиот договор за договорот да произведува правно дејство, никогаш не можел да биде исполнет. Во однос на жалбениот навод дека „договорниот орган нема право ниту правен основ да бара доставување на изјави по член 88 од ЗЈН со оглед да оваа одреба се однесува исклучиво на економскиот оператор или на лице кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него. Во овој случај, физичките лица спрема кои е истакнат овој навод не преставуваат ниту е економски оператор ниту член на управен одбор или надзорен орган кај економскиот оператор ниту пак има овластување за застапување или донесување на одлуки во правното лице“, договорниот орган сакал да посочи дека согласно одредбите од Законот за јавни набавки при користење на способност од други субјекти (физички или правни лица) понудувачот требал во прилог на понудата да ги достави доказите дека за субјектите чија способност ја користел не постоеле причини за нивно исклучување од постапката. Имено, согласно член 96 став 1 од Законот, економскиот оператор може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив. Во став 2 од истиот член било предвидено дека економскиот оператор можел во постапката за јавна набавка да ја користи способноста на друг субјект за докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство само доколку другиот субјект ќе ги изведува работите или ќе ги обезбедува услугите за кои се бара таквата способност, а во ставот 4, пак,

била предвидена обврската за Договорниот орган да провери дали субјектот чија способност ја користи економскиот оператор ги исполнувал потребните услови за квалитативен избор и дали постоеле причини за негово исклучување. Во член 2 став 1 точка 6, Законот за јавните набавки го дефинирал поимот економски оператор, според кој, „Економски оператор“ било секое физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапките за јавни набавки нудат стоки, услуги или работи, а во точка 9, пак, го дефинирал и поимот за подизведувач, според кој, „Подизведувач“ е правно или физичко лице кое за понудувачот, со кој договорниот орган склучил договор за јавна набавка или рамковна спогодба, снабдува стоки, обезбедува услуги или изведува работи што се директно поврзани со извршувањето на договорот или рамковната спогодба. Од горенаведеното, произлегувало дека, склучување на договор помеѓу понудувачот со физички или правни лица за вршење на услуги кои биле предмет на договорот за јавна набавка и користење на нивните образовни и професионални квалификации (диплома за завршено образование, овластувања и лиценци) и релевантното стручно искуство (биографии, референци и сл.) на кое упатувал и членот 96 став 1 и 2, Законот го третирал и физичкото лице како субјект чија способност ја користел понудувачот (односно како економски оператор) за кој било потребно да се достави документацијата дека за тој субјект не постоеле причини за исклучување од постапката за јавна набавка. Договорниот орган навел дека истото било наведено и во „Често поставувани прашања“ на веб страната на Бирото за јавни набавки (https://www.bjn.gov.mk/odgovori-na-prasha-a/#1591693126931-d376df0d-b618), каде во делот „Користење на способност од други субјекти“ на прашањето „Дали економскиот оператор во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите во делот на техничката или професионалната способност, може да ја користи способноста на физички лица?“ бил даден следниот одговор: „Економски оператор согласно со член 2 став 1 точка 6 од законот, е секое физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапките за јавни набавки нудат стоки, услуги или работи. Од изнесеното произлегува дека и физичко лице може да се јави како субјект чија способност економскиот оператор може да ја користи заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на техничката или професионалната способност. При тоа, договорниот орган и за физичкото лице чија способност ја користи економскиот оператор проверува дали ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и дали постојат причини за негово исклучување“. Во продолжение на прашањето „Во случај кога физичко лице се јавува како субјект чија способност економскиот

оператор користи, која од причините за исклучување утврдени во членот 88 ги проверува договорниот орган?", Бирото за јавни набавки го наведувал следниот одговор: „Договорниот орган ги проверува оние причини за негово исклучување од постапката, за кои физичкото лице може да достави докази (на пр, изјава дека во последните пет години не му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое ги има елементите на кривичните дела определени во член 88 став 1, потврда дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик...., потврда дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност, потврда дека не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, како и потврда за платени даноци – ддв доколку е ддв обврзник или персонален данок). Што значи дека физичкото лице не може да достави само потврда дека не е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација." Физичките лица подолунаведените документи требале да ги обезбедат од надлежен суд според местото на раѓање, и тоа: „• потврда дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство; • потврда дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста и • потврда дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста." Имено, казнена евиденција согласно член 106 став 1 од Кривичниот законик, ја водел првостепениот суд надлежен според местото на раѓање на осудениот. Согласно со ставот 4 од член 106 од КЗ, податоци од казнената евиденција можеле на образложено барање да им се дадат и на државни органи, правни или физички лица ако уште траат определени правни последици од осудата или казни што се состоеле во забрани или ако за тоа постоел оправдан интерес заснован врз закон. Од увид во документацијата од понудата на жалителот, Комисијата констатирала дека истиот за секое од физичките лица, а и за правни лица (кои не биле подружници на странско правно лице во Република Северна Македонија, туку во понудата на жалителот биле наведени како подружници во странство, а всушност за дел од нив се работело за посебни правни лица, со сопствен правен субјективитет, регистрирани со различна правна форма согласно законодавството во земјите на регистрација) не доставувал документи за утврдување на исполнетоста на потребните услови за квалитативен избор и дали постоеле причини за нивно исклучување од постапката за јавна набавка како што било погоре напоменато. Договорниот орган навел дека врз основа на сето горенаведно,

сосема било евидентно дека Комисијата за јавна набавка, правилно ги применила одредбите на Законот за јавни набавки и подзаконските акти и при тоа: „- Изврши правилна и точна евалуација на понудите врз основ на барањата и условите од тендерската документација и Законот за јавни набавки и врз основ на критериумот економски најповолна понуда, утврдена како најдобар однос помеѓу цената и квалитетот, правилно пристапи кон рангирање на понудите и изготвување на предлог за избор на најповолна понуда за предметот на набавката; - Правилно и точно ја утврди фактичката состојба и донесе правилна и законита одлука за избор на најповолна понуда за предметот на договорот за јавна набавка; - Правилно ја спроведе постапката за доделување на договор за јавна набавка." Оттука договорниот орган навел дека можело да се утврди дека жалбата во целост била неоснована и неиздржана од кои причини и предлага на Државната Комисија за Жалби по јавни набавки да ја отфрли како неоснована.

Државната комисија постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 141 од Законот за јавните набавки, а врз основа на сите приложени докази во предметот и увидот во ЕСЈН за спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, утврди дека жалбата на жалителот HILL INTERNATIONAL N.V. е неоснована.

Од увидот во досието од спроведената постапка на ЕСЈН, Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по жалбените наводи на жалителот, утврди дека не се основани жалбените наводи на жалителот дека договорниот орган во постапката на евалуација постапил спротивно на Законот за јавните набавки.

Во однос на жалбените наводи дека Комисијата за јавни набавки на Договорниот орган побарала од избраниот најповолен понудувач појаснување на понудата, а не побарала и од жалителот, Државната комисија од увидот во досието на ЕСЈН утврди дека овие жалбени наводи се неосновани од причина што членот 109 став 2 од Законот за јавните набавки е јасен и во истиот е наведено дека при проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може, но не мора, да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација, што видно од понудата на жалителот не е случај.

Понатаму, во однос на жалбените наводи дека избраниот најповолен

понудувач сторил повреда на тендерската документација од точка 1.7. Право на учество, потточка 1.7.4., односно дека со доставениот Договор за поднесување на групна понуда го немал исполнето во целост ставот 5 од потточката 1.7.4. од тендерската документација, Државната комисија од увидот во Договорот за поднесување на групна понуда на избраниот понудувач утврди дека истиот е изработен согласно одредбите од член 106 став (5) од Законот за јавни набавки и во истиот во член 5 е наведен краток опис на обврските на членовите на групата.

Во врска со жалбениот навод на жалителот дека сите членови на групата на избраниот понудувач треба да ги исполнат условите предвидени во точка 2.6.1, бидејќи во договорот за групна понуда не биле поделени обврските, односно „Економските оператори да имаат Акредитирана лабораторија за испитување на квалитет на материјали според МКС EN ISO / IEC 17025 за контролни испитувања на физичко-механички својства)", Државната комисија од увидот во тендерската документација утврди дека во точка 1.7.6 на јасен начин е наведено дека: „Сите членови на групата на економски оператори, мораат поединечно да ги исполнат условите наведени во точка 2.2. и 2.4. Ако економските оператори поднесат понуда како група на економски оператори, условите од точка 2.5. и 2.6. се докажуваат со земање во предвид на ресурсите на сите членови на групата.", а во Договорот за групна понуда на јасен начин во член 3 е наведено како ќе ги поднесат документите барани во тендерската документација.

Во однос на жалбените наводи за евентуална поврзаност на правното лице „ЕЛЕКТРА СОЛУШНС" ДООЕЛ Скопје, со правното лице „ИНСТИТУТ ЗА ПАТИШТА" ДООЕЛ Велес, Државната комисија од увидот во целокупната документација на ЕСЈН утврди дека правното лице „ИНСТИТУТ ЗА ПАТИШТА" ДООЕЛ Велес во постапката за јавна набавка воопшто не учествува со своја понуда, а не е ниту подизведувач или член на група во друга понуда и со самото тоа не треба да се бара правната поврзаност на овие две правни лица, а за правното лице „ЕЛЕКТРА СОЛУШНС" ДООЕЛ Скопје како член на групата која е избрана за најповолен понудувач, договорниот орган утврдил дека не постојат причини за исклучување од постапката и согласно членот 101 став 7 и 8 од Законот за јавните набавки немал забрана за учество во постапките за доделување на договори за јавни набавки и немал негативна референца.

Понатаму, во однос на жалбените наводи дека правното лице „ЕЛЕКТРА СОЛУШНС" ДООЕЛ Скопје, како член на групата избрана за

најповолен понудувач, не поседувала Лиценца за надзор на објекти од прва категорија во моментот на објавување на огласот од 15.09.2022, која всушност ја стекнала дури на 03.10.2022, Државната комисија од видот во документацијата на ЕСЈН утврди дека овој жалбен навод е неоснован од причина што економскиот оператор на денот на јавното отворање имал доставено Лиценца А за надзор на објекти од прва категорија, издадена од Министерството за транспорт и врски со што го исполнил барањето од точката 2.4.1 од тендерската документација. Воедно, во однос на жалбените наводи дека овој економски оператор немал професионално искуство за надзор над вакви големи проекти, ниту имал дадено историјат за своето искуство во исполнување на обврски за вршење надзор при изградба на објекти од I категорија, Државната комисија го прифати одговорот на договорниот орган дека овој економски оператор во постапката не настапувал со самостојна понуда туку се јавува како член на група понудувачи кои поднесуваат Групна понуда и заеднички како група ги докажуваат барањата и условите за квалитативен избор од тендерската документација за предметната јавна набавка.

Имено во однос на жалбените наводи на жалителот дека економскиот оператори правното лице „ЕЛЕКТРА СОЛУШНС" ДООЕЛ Скопје, како член на групата избрана за најповолен понудувач, за исполнување на бараните услови од тендерската документација доставил список на инженери вработени во оваа компанија непосредно пред јавното отворање на постапката, со еден до два работни часа дневно во ЕЛЕКТРА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје, Подружница Велес и останатото време за други правни лица, Државната комисија од увидот во тендерската документација утврди дека договорниот орган во точка 2.6.1 за персоналот предвидел условот истиот „да биде вработен кај економскиот оператор или ангажиран согласно важечкиот Закон за јавни набавки". Согласно наведениот услов Државната комисија утврди дека жалбениот навод е неоснован со оглед на фактот дека договорниот орган во поставениот услов не предвидел дека персоналот треба да е вработен со полно работно време.

Во однос на жалбените наводи дека Комисијата на договорниот орган неправилно постапила што од жалителот не побарала истиот да ја појасни или дополни неговата понуда, Државната комисија за овој жалбен навод веќе се произнесе, а во однос на истото го прифати и одговорот на договорниот орган дека детален приказ на неисполнување на барањата од тендерската документација дадени се во Извештајот од спроведена постапка како и Известувањето до жалителот. Имено, Државната комисија го прифати и одговорот на договорниот орган дека истиот не е должен сите

недоставени документи во однос на предложените експерти да ги поправа со барање за дополнување на документација.

Во однос на жалбените наводи на жалителот кои се однесуваат на договорите кои АЛБ АРХИТЕКТ НМК ДООЕЛ Скопје како подизведувач на жалителот ги склучил со лицата даватели на услугите, Државната комисија утврди дека истите се неприфатливи со оглед на фактот дека не се склучени од страна на Групата на понудувачи и истите не можат да произведуваат правно дејство.

Во однос на жалбениот навод на жалителот дека договорниот орган немал право ниту правен основ да бара доставување на изјави по член 88 од ЗЈН со оглед да оваа одредба се однесувала исклучиво на економскиот оператор или на лице кое било член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое имало овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него и дека физичките лица не преставувале ниту биле економски оператори ниту членови на управен одбор или надзорен орган кај економскиот оператор ниту пак имале овластување за застапување или донесување на одлуки во правното лице, Државната комисија утврди дека истиот во целост е неоснован, а за истото на јасен и недвосмислен начин на страната на Бирото за јавни набавки е наведен одговор дека: „Договорниот орган ги проверува оние причини за негово исклучување од постапката, за кои физичкото лице може да достави докази (на пр, изјава дека во последните пет години не му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое ги има елементите на кривичните дела определени во член 88 став 1, потврда дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик ...., потврда дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност, потврда дека не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, како и потврда за платени даноци – ддв доколку е ддв обврзник или персонален данок). Што значи дека физичкото лице не може да достави само потврда дека не е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација. Физичките лица подолунаведените документи треба да ги обезбедат од надлежен суд според местото на раѓање, и тоа: -потврда дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство; -потврда дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста и -потврда дека не му е изречена споредна казна трајна

забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста. Имено, казнена евиденција согласно член 106 став 1 од Кривичниот законик, ја води првостепениот суд надлежен според местото на раѓање на осудениот. Согласно со ставот 4 од член 106 од КЗ, податоци од казнената евиденција можат на образложено барање да им се дадат и на државни органи, правни или физички лица ако уште траат определени правни последици од осудата или казни што се состојат во забрани или ако за тоа постои оправдан интерес заснован врз закон."

Воедно, Државната комисија при одлучување го имаше во предвид и Записникот од извршена управна контрола број 17-1942/3 од 13.12.2022 година, во кој е наведено дека не постојат неправилности кои можат да влијаат на исходот на постапката.

Дополнително на наведеното, при постапувањето и одлучувањето за овој предмет Државната комисија особено ги имаше предвид одредбите на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово - Гостивар - Букојчани и проектот за автопатот Требеништа - Струга - Кафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија, како lex specialis со кој се уредува реализацијата на овој Проект.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија одлучи да не ја уважи жалбата и да ја потврди Одлуката на договорниот орган.

Согласно со член 2 точка 10 и 11 од Законот за јавните набавки: „10. „тендерска документација" е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација; 11. „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува

средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.“.

Согласно со член 3 од Законот за јавните набавки : „Начела на кои се темелат јавните набавки: (1) Уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност. (2) При спроведувањето на јавните набавки договорниот орган е должен да ги почитува обврските за заштита на животната средина, социјалната политика и за заштита на трудот кои произлегуваат од прописите во Република Македонија, колективните договори и од меѓународните договори и конвенции ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.“.

Согласно член 109 на Законот за јавните набавки Евалуација на понудите (1) Кај отворената постапка и поедноставената отворена постапка, комисијата, пред да пристапи кон евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот. (2) При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања. (3) Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рокот кој го определила комисијата. (4) Никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот. (5) Комисијата може да бара директно од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик и за истото да одреди примерен рок. (6) Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. (7) Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација. (8) По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда. (9) Членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда,

ги изнесува своите ставови подготвени како забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка. (10) При евалуација на понудите кај ограничената постапка, постапките со преговарање, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации, комисијата соодветно ги применува одредбите од овој член. (11) Министерот за финансии го пропишува начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите.

Согласно член 141 став 1 од Законот за јавните набавки: „(1) Во жалбената постапка Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност проверува дали се сторени битни повреди од ставот (2) на овој член."

Со оглед на фактот што жалителот не успеал во жалбената постапка, трошоците на постапката за правна заштита нема да му бидат вратени, согласно со член 166 став (2) од Законот за јавните набавки.

Од причини погоре изложени, се донесе Решение како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Согласно член 170 од Законот за јавните набавки и член 26 од Законот за управните спорови, против ова решение незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Бр. 09-16/6
11.01.2023 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Кирил Каранфилов

Доставено до:
- Архива,
- HILL INTERNATIONAL N.V.
- Јавно претпријатие за државни патишта